# Предности на електронското банкарство

Употребата на електронското банкарство има голем број на предности во однос на традиционалното банкарство за клиентите и банката, како и на глобално ниво.

**<u>Предности за банката</u>**

**Намалување на трошоците на банката**

Воведувањето на електронското банкарство придонело за намалување на трошоците кај банките преку намалување на бројот на филијали и бројот на вработени. Кај традиционалното банкарство, овозможувањето на банкарски услуги за корисниците 24 часа, 7 дена во неделата дополнително би ги зголемило трошоците за работен кадар и други трошоци за одржување на филијалите што би било економски неисплатливо.
Поставувањето на банкомати има исто така големи почетни трошоци, меѓутоа трошоците за одржување се многу помали.

**Просторна неограниченост**

Кај традиционалното банкарство кога банките имаа потреба од географско ширење, потребно беше отворање на нови филијали кое беше проследено со високи трошоци.
Денес преку електронското банкарство банките можат да имаат клиенти од други земји во светот бидејќи повеќето финансиски трансакции не бараат физичко присуство на клиентот.

**Имиџ на иновативна организација**

Со воведувањето на електронското банкарство, банката создава имиџ на иновативна организација која е подготвена на своите клиенти да им понуди најсовремени услуги и технолошки решенија.

**<u>Предности за клиентот</u>**

**Услуга достапна во секое време**

Електронското банкарство на корисниците им овозможува користење на банкарските услуги 24 часа дневно, 7 дена во неделата, 365 дена годишно, односно

работното време не е ограничено. Сите расположливи банкарски услуги се достапни во секој момент кога корисникот има потреба за истите.

**Брзо извршување на трансакциите**

Преку електронското банкарство на корисникот му е овозможено брзо извршување на трансакциите, без одење во банка и чекање на шалтер со што клиентот ги извршува потребните трансакции за многу пократко време.

**Просторна неограниченост**

Електронското банкарство на корисниците им овозможува управување со своите сметки од било кое место во светот, а потребно е само компјутер или мобилен телефон и интернет конекција.

**Помали трошоци за извршување на трансакцијата**

Провизијата за вршење на трансакции преку интернет банкарството е помала во споредба со вршење на истите трансакции на традиционален начин. Тоа се постигнува преку намалените трошоци на банката (помали фиксни трошоци и работен кадар).

**Глобална предност**

Употребата на електронско банкарство придонесува за намалување на трансакционите трошоци на глобално ниво, многу брзо извршување на трансакциите помеѓу земјите по електронски пат, а најзначајна карактеристика на електронските пари е нивната транснационалност.




Предности на електронското банкарство

## Недостатоци на електронското банкарство

Покрај големиот број на предности кои ги има електронското банкарство, како и кај секој иновативен концепт постојат и одредени недостатоци.

**<u>Недостатоци за банката</u>**

**Законска регулатива**

Електронското банкарство има глобален карактер, а законската регулатива локален и се разликува од земја до земја. Законската регулатива не го следела брзиот развој на електронското банкарство, па во пракса постојат проблеми поради неконзистентноста на правилата и можноста за нивно различно толкување.

**Недоволно распространет интернет**

Во земјите каде можноста за пристап на интернет е мала, употребата на електронското банкарство е значително намалена. Поради тоа банките не се во можност да го планираат своето работење и воведување на електронски производи.

**Проблеми со сигурноста на трансакциите**

Корисноста на интернет мрежата е голема, меѓутоа бројот на злоупотреби преку интернет постојано се зголемува. Технологијата постојано напредува, па доколку банките не ги следат новите трендови и иновации, работењето на интернет може да биде загрозено.

**Високи почетни трошоци**

Електронското банкарство е засновано на современа технологија, па почетните трошоци за банката се големи. Усовршувањето на потребната опрема се одвива многу брзо, што создава потреба од постојано вложување заради остварување на конкурента предност.

**<u>Недостатоци за корисниците</u>**

**Недоверба кон иновациите**

Поголем број на луѓе, новите производи и иновации ги прифаќаат со недоверба и мала заинтересираност за истите и потребно е доста време додека масовно да се прифатат и користат. Истиот случај е и со интернетот кој во почетокот бил користен од многу малку луѓе, меѓутоа подоцна после согледувањето на можностите кои ги нуди, забрзано се проширила неговата употреба.

**Проблеми со сигурноста на трансакциите**

Интернетот и електронскиот начин на работа овозможуваат голем број на предности, меѓутоа корисниците треба посебно внимание да обрнат на нивната сигурност. Недоволната информираност од банките или пак невнимателноста на самите корисници при користењето и чувањето на податоците значително ја намалуваат нивната сигурност и ја зголемуваат можноста за злоупотреби.

**Глобален недостаток**

Електронското банкарство може да предизвика проблеми на глобално ниво меѓу кои позначајни се: проблемот со оданочување на профитот остварен на интернет, можното дестабилизирање на девизните курсеви и негативно влијание на паричната маса во оптек.




Недостатоци  на електронското банкарство

## Можности на електронското банкарство

Генерално, електронското банкарство пружа големи можности како за физичките така и за правните лица. Од тоа што го има како понуда на web страниците на македонските банки може да се издвои следново:

- Следење на состојба и плаќања од денарски трансакциски сметки
- Следење на состојбата на кредитните и депозитните производи што ги користат клиентите
- Поднесување барање за кредитни производи за население

**Следење на тековна состојба**

Можност со еден поглед во екранот да се има увид и контрола на целокупната финансиска состојба на клиентот, со увид во моменталната состојба на сите денарски и девизни сметки во било кое време и од било кое место, каде што клиентот има пристап до Интернет.

**Следење на дневни трансакции**

За сите денарски и девизни сметки овозможен е увид увид во приливите и одливите во тековниот ден, во моментот на нивно настанување.

**Преземање на изводи**

За сите денарски и девизни сметки клиентот има можност да ги преземате изводите од моментот на вклучување во e-banking сервисот. Секој извод можете да се отпечати или да се преземе како документ за поврзување со евиденција на клиентот.

**Плаќања - физички лица**

Плаќања може да вршите од денарска трансакциска сметка.
Со e-banking сервисот може да се плаќаат:

- сметка за струја, вода, парно, телефон, мобилен телефон, кабелска ТВ и др

- обврски кон матичната банка и други банки (рата за станбен кредит, рата за потрошувачки кредит, услуга за користење на сеф, долг по основ на кредитни картички и др )

- даноци и придонеси

За користење на сервисот за плаќања од банката се добивате дигитален сертификат кој треба да се инсталира на компјутерот од кој ќе се вршат плаќањата. Дигиталниот сертификат е еден вид замена на рачниот потпис на клиентот и секое плаќање кое се испраќа во Банката за реализација треба да биде потпишано со сопствениот дигитален сертификат.